Бр./Nr 12-1528/5

02-06-2020 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава за корупција и прекршување на законските одредби во изборен процес од подносителот -------------- ------- ------------ ---------- ---------------- -----------------------, на 30 - та седница одржана на ден 22 мај 2020 година донесе

**Одлука**

Постапката по предметот број 12-1528 од 2020 година, оформен по пријава со бр. 12 - 1528/1 од 05.03.2020 година на подносителот -------------- ------- ------------ ---------- ---------------- -------------- -----------, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување во предметот со број 12 - 1528 од 2020 година оформен врз основа на пријавата бр. 12 - 1528/1 од 05.03.2020 година.

Предметот со број 12 - 1528 од 2020 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на Државната комисија, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12 - 1528 од 2020 година е оформен врз основа на пријава -приговор бр. 12 - 1528/1 од 05.03.2020 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од подносителот -------------- ------- ------------ ---------- ---------------- -----------------------,, за прекршување на одредбите од Изборниот законик за забрана за употреба на буџетски средства, односно забранети дејствија на јавните институции од денот на распишување на изборите, како и прекршување на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, кои регулираат забранетото постапување од моментот на донесување одлука за распишување на изборите за избор на пратеници во Собранието на Република Северна Македонија.

Во приговорот се содржани наводи против Општина ----------, за сторена повреда на член 8-а од Изборниот законик и на членот 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, поради објавен Јавен повик бр. 02/2020, кој бил објавен на ден 03.03.2020 година, а кој се однесува за субвенционирање/надоместување на дел од трошоците на граѓаните на подрачјето на Општина ----------за купување на клима уред – инверетори и купување велосипеди за 2020 година, каде е

наведено дека исплатата на средствата ќе се врши сукцесивно, според редот на пристигнати барања, се до искористувањето на предвидениот буџет за соодветната намена.

Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), на ден 12.03.2020 година го извести подносителот дека на колегиум одржан на ден 06.03.2020 година, го разгледа доставениот „Приговор" и за своето надлежно постапување по истиот донесен е заклучок дека доставениот „Приговор", Државната комисија нема да го смета за „Приговор" доставен до ДКСК согласно со член 33 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, од причина што „Приговорот" не е поднесен од страна на Организатор на изборна кампања, како и дека Државната комисија по предметниот „Приговор", ќе постапи согласно со член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, врз основа на добиена пријава за сомневање за корупција и прекршување на законските одредби во изборен процес и за исходот од нејзиното надлежно постапување по истата дополнително ќе го извести подносителот.

При разгледувањето на наводите содржани во пријавата, Државната комисија за спречување на корупцијата ги зема во предвид наводите на подносителот и по извршените проверки утврдена е следната фактичка состојба:

- Јавниот повик бр. 02/2020 за субвенционирање/надоместување на дел од трошоците на граѓаните на подрачјето на Општина ---------- за купување на клима уред – инвертори и купување велосипеди за 2020 година бил објавен на 03.03.2020 година, врз основа на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина ----------за 2020 година, донесена од страна на Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 26.12.2019 година и објавена во Службен Гласник на Општината бр. 19/2019, по заклучок од Градоначалникот на Општина ----------.

- Начинот на објавувањето на јавниот повик, како и постапката, начинот и условите за користењето на финансиските средства, биле предвидени во Правилникот за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина ---------- за субвенционирање/надоместување на дел од трошоци на граѓаните на подрачјето на Општина ----------а купување клима уреди -инвертори и купување велосипеди за 2020 година, донесена од Советот на Општина ---------- на седницата одржана на 11.02.2020 година и објавена во Службен Гласник на Општината бр. 3/2020, по заклучок од Градоначалникот на Општина ----------. Доделувањето на финансиските средства од овој јавен повик ќе се реализирал по принципот "прв дојден, прв услужен".

- Во Правилникот за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина ---------, наведено е дека финансиските средства наменети за предметното субвенционирање / надоместување на клима уреди – инвертори и за купување за велосипеди, се обезбедени од Буџетот на Општина ---------- за 2020 година и дека исплатата на средствата ќе се вршела сукцесивно, според редот на пристигнати барања, се до искористувањето на предвидениот буџет за соодветната намена.

-Согласно со погоре констатираното, ДКСК во врска со доставената пријава достави Укажување до Општина ----------, со препорака исплатата на средствата по предметниот јавен повик да се изврши по завршувањето на изборниот процес односно, по Заклучокот донесен од страна на Државната изборна комисија со кој ќе биде заклучено дека со објавата на конечните резултати од предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија 2020 година овие избори се завршени.

- Од страна на Општина ---------- доставено е известување до ДКСК дека Општината, имајќи ги предвид законските обврски од членот 8-а од Изборниот законик и на член 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, распределбата и исплатата на средствата ќе ги врши по завршувањето на изборниот процес и објавувањето на конечните резултати од предвремените парламентарни избори, односно дека ЕЛС Општина ---------- ќе постапи согласно даденото Укажување на ДКСК.

Со оглед на вака утврдената фактичка состојба, ДКСК констатира дека во предметниот случај не се потврдени предметните наводи за сторена повреда на член 8-а став 2 од Изборниот законик и на член 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси односно, дека од страна на наведената ЕЛС е постапено по даденото укажување на ДКСК и распределбата и исплатата на средствата ќе биде извршена по завршувањето на изборниот процес и објавувањето на конечните резултати од предвремените парламентарни избори. Согласно со констатираното, Државната комисија оцени дека нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметниот случај, постапката по предметот се запира, а предметот се затвора и се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 22 мај 2020 година под бр. 12- 1528/5**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Катица Николовска**

Доставено до :
- Архива
- Подносител

По заклучок на ДКСК, Изработил: Јасминка Цветковска, советник
Одобрил : Софка Пејовска Дојчиновска, член на ДКСК